СОЛОПРОМ

CORIAN®
SOLID SURFACE



ГЕНЕРАЛНА ПРИМЕНА

# CORIAN® SOLID SURFACE

Материјал за иновативни дизајни во ентериерот

# ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Солопром се оградува од технички грешки во припремата на каталогот.

Солопром го задржува правото на промена на производите без претходна најава.

ЦЕНИТЕ ВО КАТАЛОГОТ СЕ ПРЕТСТАВЕНИ ВО ДЕНАРСКА ВРЕДНОСТ СО ВКЛУЧЕН ДДВ.

Солопром го задржува правото за промена на цените согласно сопствената политика, без претходна најава.

**СОЛОПРОМ САМО ГО ПРОДАВА ОВОЈ МАТЕРИЈАЛ, САДОПЕРИТЕ И ЛЕПАКОТ.**

**ЦЕНИТЕ ВО КАТАЛОГОТ ВАЖАТ САМО ЗА ПРОИЗВОДИТЕ.**

**ЗА ОБРАБОТКА И ИЗВЕДБА ПОТРЕБНО Е ДА АНГАЖИРАТЕ СТРУЧНО ЛИЦЕ.**








# ДИНАМИЧНИ ДИЗАЈНИ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИРОДАТА

CORIAN® Solid Surface е композитен производ со напредни особини кој се употребува како материјал во мноштво архитектонски и ентериерни решенија, како во домашните така и во јавните средини. CORIAN® Solid Surface нуди разновидност при дизајнирањето, функционалност и издржливост. Се обработува со конвенционални алати и машини во столаријата и може да се обликува во било која форма. Најчесто се употребува како работна површина, ѕидна облога и мијалник во кујните, во купатилата како лавабо или ѕидни облоги во туш кабините, а покрај домашниот сектор наоѓа голема примена и повеќе јавни сектори, како здравството, банките, хотелите и ресторантите, бутиците и друго.

## Состав на материјалот

CORIAN® Solid Surface е цврст, непорозен и хомоген материјал, во чиј состав содржи околу 1/3 акрилна смола (позната како полиметил метакрил или PMMA), и околу 2/3 природни минерали. Овие минерали се сочинети од алуминиум трихидрат (ATH) кој е производ добиен од боксит, руда од која се црпи алуминиум.



Димензиите се во милиметри

# ОСОБИНИ НА CORIAN® SOLID SURFACE

Од неговото претставување во 1967 година, CORIAN® Solid Surface се докажа како издржлив материјал со разновидна примена во домашните и во јавните средини.

Сепак перформансите на овој материјал може да зависат од дебелината на плочите, дизајнот и финишот на површината.

**ИЗДРЖЛИВ**

CORIAN® Solid Surface го задржува добриот изглед и ги издржува ударите и чукнувањата кои може да се случат во текот на денот.

**ЦВРСТ**

Од неговото претставување во 1967-та година, CORIAN® Solid Surface се докажал како исклучително издржлив материјал. Не може да се деламинира и добро се покажува во секојдневната употреба.

**НЕВИДЛИВ СПОЈ**

Боите и шарите преминуваат преку целата површина и дебелина на материјалот и не можат да излитат. Споевите помеѓу плочите може да се залепат и да бидат скоро невидливи, што овозможува неограничена големина на површината.

**СЕ ОБЛИКУВА СО ТОПЛИНА**

Од неговото претставување во 1967-та година, CORIAN® Solid Surface се докажал како исклучително издржлив материјал. Не може да се деламинира и добро се покажува во секојдневната употреба.

**ОБНОВЛИВ**

Површината на CORIAN® може да се обнови со употреба на стандардни ниско-абразивни средства за чистење.

**ЛЕСНО СЕ ОДРЖУВА**

Површината на CORIAN® е непорозна со мазен изглед. Со правилно одржување материјалот спречува појава на мувла и бактерии. Површината на CORIAN® не е токсична и не создава алергии кај луѓето.

Полу-провидноста на материјалот е исклучително изразена кај светлите бои, но и кај потенките плочи. Поради ова, многу дизајнери ја користат оваа особина да направат разни осветлувачки ефекти и расветни панели/ѕидови.



Декор: White Onyx

# ПОНУДА НА CORIAN® ПЛОЧИ И ЦЕНОВНИК

**Сите декори во понудата се достапни во димензија 3658 x 760 x 12 мм.**

**По специјална нарачка може да се донесат други декори, ширини на плочите 760, 930 и 1300мм, и дебелини од 4, 6, 12 и 19мм.**

**Напомена: Плочите со дебелина од 4 или 6мм се наменети исклучиво за вертикална апликација.**

**Плочите во понудата се продаваат на следниве димензии: 1825 x 760мм, 3658 x 760мм.**



Декор: DESIGNER WHITE



Декор: GLACIER WHITE



Декор: WHITE ONYX



Декор: DUNE PRIMA



Декор: SMOKE DRIFT PRIMA



Декор: AURORA



Декор: ASH AGGREGATE



Декор: CARBON AGGREGATE



Декор: DEEP TITANIUM



Декор: DEEP TITANIUM



Декор: DEEP NOCTURNE



Димензиите се во милиметри

## Ценовник

| Идент | Декор | Шифра | Димензија (мм) | Цена (мкд) на табла |
|---|---|---|---|---|
| 024231 | Designer White | D14289513 | 3658 × 760 × 12 | **33,850** |
| 024234 | Glacier White | D11803513 | 3658 × 760 × 12 | **25,640** |
| 024233 | Glacier White | D14315457 | 3658 × 1300 × 12 | **56,980** |
| 024236 | White Onyx | D15523047 | 3658 × 760 × 12 | **54,360** |
| 024232 | Dune Prima | D15522891 | 3658 × 760 × 12 | **54,360** |
| 024235 | Smoke Drift Prima | D15522892 | 3658 × 760 × 12 | **54,360** |
| 025694 | Aurora | D11805751 | 3658 × 760 × 12 | **41,660** |
| 024227 | Ash Aggregate | D15539718 | 3658 × 760 × 12 | **54,360** |
| 024228 | Carbon Aggregate | D15539721 | 3658 × 760 × 12 | **54,360** |
| 025696 | Carbon Concrete | D15522748 | 3658 × 760 × 12 | **49,500** |
| 024230 | Titanium | D15364243 | 3658 × 760 × 12 | **45,050** |
| 024229 | Deep Nocturne | D15097761 | 3658 × 760 × 12 | **45,050** |

## Лепила за CORIAN® и пиштол за нанесување

CORIAN® Joint Adhesive е лепило на метакрилна база, не растекува и овозможува одлична врска за плочите CORIAN®. Достапно е во полнење од 50mL и во различни бои кои се совпаѓаат со боите на плочите CORIAN®.

Наменет е за брза врска помеѓу два материјала со ист состав. Не е наменет за врска помеѓу два различни материјали, освен во случај материјалите да се одобрени од DuPont (компанијата што го произведува CORIAN®).



### Употреба и складирање на лепилото

Лепилата се приспособени за употреба на собна температура. Ниската температура ќе го продолжи времето и степенот на залепување, додека високата температура ќе го забрзаат времето и степенот на залепување.

За подолго времетраење, лепилото треба да се складира во добро проветрена просторија, на темно. Препорачаната температура на складирање на лепилото е 5-23°C. Изложеноста на повисоки температури го намалуваат времетраењето на лепилото. Да не се складира во фрижидер.

| Идент | Декор | Шифра | Количина (ml) | Цена (мкд) |
|---|---|---|---|---|
| 024239 | Designer White | D15532339 | 50 | **810** |
| 024240 | Glacier White | D15531313 | 50 | **720** |
| 024238 | White Onyx | D15531371 | 50 | **810** |
| 024243 | Dune Prima | D15531379 | 50 | **810** |
| 024244 | Smoke Drift Prima | D15531380 | 50 | **810** |
| 025695 | Aurora | D15531368 | 50 | **890** |
| 024245 | Ash Aggregate | D15533180 | 50 | **810** |
| 024241 | Carbon Aggregate | D15531375 | 50 | **810** |
| 024237 | Titanium | D15531367 | 50 | **810** |
| 024242 | Deep Nocturne | D15531376 | 50 | **810** |






**Пиштол за нанесување**

| Идент | Шифра | Цена (мкд) |
|---|---|---|
| 024251 | D120425667 | **4,130** |

# САДОПЕРИ ОД CORIAN®



Садопер за во кујна SPICY 970



Одливник



Сифони



Капаче







| Идент | Шифра | Декор | Производ | Цена (мкд) |
|---|---|---|---|---|
| 024247 | D14243758 | Glacier White | Садопер | **21,800** |
| 024250 | D15435243 | | Одливник | **1,995** |
| 024249 | D14349141 | | Сифон | **1,995** |
| 026612 | D15471431 | | Капаче | **4,130** |



Садопер за во купатило CALM 810



Одливник



Капаче







| Идент | Шифра | Декор | Производ | Цена (мкд) |
|---|---|---|---|---|
| 024246 | D11895499 | Glacier White | Садопер | **10,170** |
| 024251 | D15411942 | | Одливник | **2,565** |
| 024248 | D15409678 | Glacier White | Капаче | **4,130** |

**Нема специјални сифони за овој садопер.**

**Може да употребите стандарден сифон за купатилски лавабоа.**



Димензиите се во милиметри



# НАСОКИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА CORIAN® ПЛОЧИТЕ

## Секојдневно одржување

За секојдневно чистење, употребете сапунеста вода или секојдневни средства за чистење на површини. Отстранете го вишокот на детергент од површината со мека крпа, измијте ја површината со топла вода, а потоа пребришете ја со сува мека крпа. Доколку е потребно употребете микрофибер крпа и протриете ја површината со средство за чистење врз база на амоњак, потоа измијте со вода. Оваа процедура ќе ги отстрани повеќето нечистотија и флеки од површината или мијалниците.

Секогаш чистете правејќи кружни движења, од напред до позади, а потоа и странично, водејќи сметка движењата да се преклопуваат се додека целата површина не е помината. Не употребувајте абразивни или ниско-абразивни чистачи врз високо сјајните или темните површини.

Ве предупредуваме дека можна е појава на бигор доколу капките вода се остават да се исушат на површината. За да се спречи ова, многу е важно после секое миење или излевање површината целосно да се пребрише со чиста микрофибер крпа. Некои бои бараат почесто чистење со цел да се задржи изгледот на финишот.

Како кај сите материјали, и на површината на CORIAN®, со дневна употреба и правилна грижа и одржување, со време може да се појават абразивни флеки. За разлика од посветлите бои, кај темните бои полесно ќе бидат видливи овие гребнатинки, флеки и излитувања од дневна употреба. Ова не треба да Ве загрижува бидејќи може повторно да го вратите оригиналниот изглед на површината. Потребно е да ангажирате квалифицирано лице кое повторно ќе го врати првичниот изглед на површината.

## Специјална грижа за тврдоглави дамки

Некои тврдоглави дамки бараат потешко чистење. Следете ги препораките опишани долу ефективна да го отстраните овие дамки од површината и мијалниците на CORIAN®.

**Оцет, кафе, чај, лимонов сок, сок од зеленчук, вештачки бои, кечап, изгореници од цигари, паста за кондури, мастило, маркер, јод, крв, црвено вино, парфем:** Употребете навлажнета микрофибер крпа и ниско-абразивно средство за чистење (освен на високо сјајни или темни површини).

**Мрсни флеки:** Употребете микрофибер крпа и протријте ја флеката со разредено белило. Измијте неколку пати со топла вода и исушете со мека крпа. Напомена: белилата може да ја излитат бојата од површината на CORIAN® доколку целосно не се отстранат со измивањето со вода.

**Бигор, сапуница, минерали:** Употребете микрофибер крпа и протријте ја флеката со стандарден отстранувач на бигор или оцет и оставете 2-4 минути. Потоа употребете втора, чиста микрофибер крпа со која ќе ја измиете површината со вода.

**Лак за нокти:** Употребете микрофибер крпа и протријте ја флеката со отстранувал на лак за нокти кој не содржи ацетон. Измијте неколку пати со топла вода, а потоа со мека крпа исушете ја површината. Доколку флеката сеуште е видлива, повторете ја процедурата, овојпат употребете многу ситна шмиргла. Доколку флеката сеуште е видлива, повторете ја процедурата. Во случај да не може да ја отстраните флеката повикајте квалифицирано лице за проценка.

### Одржување на садоперите

Отстранете ги мрсните флеки од површината на садоперот со употреба на детергент или средство за чистење на површини. Доколку е потребно, употребете ниско-абразивна крпа за чистење или сунѓер во комбинација со ниско-абразивно средство за чистење. Направете водена мешавина која вклучува ¾ течно домашно белило и ¼ вода и со спреј нанесете ја врз површината на мијалникот и оставете ја неколку часа или прекуноќ. Времето на изложување не треба да е повеќе од 16 часа. Потоа измијте го исчистете го мијалникот со влажна крпа. Со многу мал напор ќе имате прекрасно чист мијалник.

### Дневно одржување на лавабоата, кадите, кабините за туширање изработени од CORIAN®

Едноставно исчистете ја површината со сапунеста вода или било каков вообичаен детергент со цел да се отстранат повеќето дамки и нечистотија. Употребете детергент заедно со ниско-абразивна крпа или сунѓер. На овој начин ќе го одржите оригиналниот матиран финиш. Некои супстанци како мастило, козметика и лакови можат да ослободат боја врз површината после продолжен контакт. Ваквите дамки може лесно да се отстранат следејќи ги специјалните инструкции за тврдоглави дамки.



# МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

### Како да спречите трајно оштетување

Следете ги овие насоки за да спречите трајно оштетување на површината на CORIAN® или мијалниците.

Избегнувајте употреба на силни хемикалии на површината, како на пример, разредувачи на мрсни бои (нитро разредувач), средства за чистење на рерни, киселини, ацетон и друго. Доколку дојде до излевање на некои од хемикалии, веднаш измијте ја површината со вода додека целосно не се отстрани хемикалијата.

Не чистете со употреба на агресивни хемикалии како ацетон, средства за чистење на рерни, разредувачи, силни киселини или силни бази, или индустриски детергенти или разредувачи на мрсни бои. Доколку дојде до излевање на некои од хемикалии, веднаш измијте ја површината со вода додека целосно не се отстрани хемикалијата.

Не употребувајте шпакли за гребење, челични четки или други метални средства за отстранување на дамки, бои, лепила или други супстанци. Во случај на тешко оштетување повикајте квалифицирано лице да изврши проценка и, доколку е возможно, санирање на оштетувањето.

### Спречување на оштетување од топлина и сечење

За да ја заштитите Вашата CORIAN® плоча многу е важно да се намали директна изложеност на топлина. Секогаш употребувајте топлински заштитни подлоги, дрвени или жичани подлоги или оставете ги жешките садови врз ринглите на шпоретот најпрво да се изладат. Никогаш не положувајте жешки садови директно на CORIAN® плочите или мијалникот. Како и кај другите типови на садопери, посипување на мијалникот со врела вода може да го оштети.

Никогаш не сечете директно на површината, секогаш употребете дрвена или стаклена даска за сецкање.




FLOUR
BISCUITS

СОЛОПРОМ

WWW.CORIAN.COM




**ПОДРУЖНИЦА БУТЕЛ 1**
ул. Душко Поповиќ бр.1, Скопје, С. Македонија
(0)2 26 14 030;   26 28 870
contact@soloprom.com.mk
www.soloprom.com.mk

**ПОДРУЖНИЦА КИСЕЛА ВОДА**
ул.Христо Татарчев-1 број 101А, Скопје, С. Македонија
(0)2 27 46 401
kv@soloprom.com.mk
www.soloprom.com.mk

СЛЕДЕТЕ НÈ НА
f / soloprom.doo
/ soloprom.doo